Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 2 3235-400; Факс: + 389 2 3235-501
e-mail: manu@manu.edu.mk

Бр. 01-320/1
31.01.2014 год.

Врз основа на член 23 став 1 точка 1 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Сл. весник на РМ“ бр. 13/96, бр. 5/09 и бр. 59/12), член 156 и член 159 став 2 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2013), Собранието на Академијата на седницата одржана на 29.01.2014 година, донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување
## на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите

### **Член 1**

Во Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2013) во член 114, став 1 и став 2, се менуваат и гласат:

„Научни единици во состав на Академијата се: Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој, Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов“, Лексикографскиот центар, Центарот за стратегиски истражувања, Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“, Истражувачкиот центар за културно наследство, Истражувачкиот центар за компјутерски науки и информатички технологии и Истражувачкиот центар за животна средина и материјали“.

„Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој поттикнува, организира, координира и врши фундаментални истражувања и истражувања насочени кон примена на нови технологии во областа на енергетиката и одржливиот развој“.

По ставот 6 се додаваат 3 нови става кои гласат:

„ Истражувачкиот центар за културно наследство врши проучување на културното наследство на тлото на Македонија“.

„Истражувачкиот центар за компјутерски науки и информатички технологии иницира и координира истражувачки програми од компјутерските науки и информатичките технологии“.

„Истражувачкиот центар за животна средина и материјали иницира, креира и координира истражувачки активности од областа на животната средина, како и од областа на материјалите во Република Македонија“.

Ставот 7 станува став 10, кој се менува и гласи:

„Увид во работата на Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој врши Одделението за технички науки, во работата на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов“ – Одделението за медицински науки и Одделението за

природно-математички и биотехнички науки, во работата на Лексикографскиот центар и Центарот за стратегиски истражувања – сите одделенија на Академијата, во работата на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ – Одделението за лингвистика и литературна наука и Одделението за општествени науки, во работата на Истражувачкиот центар за културно наследство – Одделението за општествени науки, Одделението за лингвистика и литературна наука и Одделението за уметност, во работата на Истражувачкиот центар за компјутерски науки и информатички технологии – Одделението за технички науки, а во работата на Истражувачкиот центар за животна средина и материјали – Одделението за природно-математички и биотехнички науки“.

**Член 2**

Се овластува Претседателството да утврди пречистен текст на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите и да изврши усогласување на правилниците и другите акти на Академијата со Статутот.

**Член 3**

...заа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето ...тен“ на Академијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

акад. Владо Камбовски